**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2020 ГОДИНА

Скопје, мај 2021 година

**МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2020 ГОДИНА**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ги извршуваше своите активности во текот на 2020 година во согласност со законите, Статутот на СБ и интерните прописи.

2. Управниот одбор беше одговорен за извршување и следење на сите активности поврзани со постигнувањето на буџетските цели. Исполнувањето на поставените цели беше следено од Надзорниот одбор на редовна основа. Покрај тоа, Надзорниот одбор ги разгледуваше кварталните извештаи на Управниот одбор (кои содржат и нумерички и описни податоци, како и активностите на Одборот за управување со ризици) и доследно ги проценуваше активностите преземени за постигнување на поставените цели.

3. Во текот на 2020 година домашната економија беше целосно зависна од развојот и ограничувањата создадени од ширењето на вирусот Ковид-19. Пандемијата „Ковид 19" значително влијаеше на здравјето на населението, ги поремети финансиските текови, ги намали економските активности и доведе до контракција на домашната економија. И покрај тоа што оваа година беше исклучително предизвикувачка со бројни ограничувања во домашната и глобалната економија, Банката успеа да оствари уште еднаш забележителни резултати и успешно да управува со сите деловни аспекти. Како резултат на тоа, на крајот на годината, Банката оствари добивка пред оданочување од 35,3 милиони евра.

   Вкупните средства на Банката достигнаа 1.718,3 милиони евра; ROA изнесува 1,9%, додека ROE достигна 12,1%, малку над просекот на банкарскиот сектор, постигнувајќи го својот растечки потенцијал и стабилни приноси за акционерите. Со силна капитална позиција и сооднос на адекватност на капиталот од 16,8%, СБ продолжува да биде еден од најсигурните финансиски партнери во земјата.

   Во рамките на спроведената политика за управување со кредитен ризик, СБ успеа да одржи квалитетно и добро диверзифицирано кредитно портфолио. Растот на кредитното портфолио, паралелно со нискиот и контролиран сооднос на нефункционални кредити, беше една од главните стратешки цели на Банката за 2020 година која Банката успеа да ја постигне.

4. Како и претходните години, Банката исто така имаше значителен придонес за пошироката заедница со своите проекти за општествена одговорност (ООП). Сепак, поголемиот дел од активностите на ООП на СБ во 2020 година беа насочени кон помагање на државниот здравствен систем во справување со пандемијата со донирање, во неколку наврати, вредна медицинска опрема.

5. Со оглед на резултатите на СБ во 2020 година, како што е презентирано во Годишниот извештај, Надзорниот одбор потврдува дека СБ продолжи со успешното работење, и покрај предизвиците со кои се соочуваше во текот на целата година, оствари многу добри резултати. Овој позитивен исход го рефлектира успехот на долгорочната стратегија на Банката, која се спроведува постојано од превземањето на Банката од страна на НБГ во 2001

година. Надзорниот одбор е задоволен да објави уште една успешна година во која СБ ја потврди својата водечка позиција на пазарот и во заедницата.

6. Според наше мислење, Годишниот извештај на Стопанска банка АД - Скопје за 2020 година, фер и објективно го прикажува работењето на Банката во текот на 2020 година.

7. Надзорниот одбор им изразува благодарност на сите клиенти, вработени, партнери и акционери на СБ за нивната доверба и поддршка во текот на годината.

Н.О. бр. 37-2/2021
26.05.2021
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос